

КАРПОШ

неделен

Е - БИЛТЕН



ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

8 - 14 септември 2026 Билтен бр. 651

ОДБЕЛЕЖАН 8 СЕПТЕМВРИ – ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА!

По повод големиот државен празник, делегација на Општина Карпош, предводена од претседателот на Советот, Христо Саракинов заедно со Патрик Поповски – Раководител на сектор за поддршка и организација на работата на советот и архивско – административни работи и Филип Ивановски – советник положија свежо цвеќе на вечното почивалиште на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски.

Со гордост и длабока почит го одбележуваме овој историски ден – симбол на нашата слобода, државност, храброст и независност.

Нека ни е честит 8 Септември! За многу години!



ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ КАТЧИЊА НИЗ КАРПОШ

Со замена на седиштата на лулашките и клацкалките финишираше реновирањето на урбаните реквизити на детското игралиште „Млечен“, и започна петтата фаза од реконструирањето и ревитализирањето на останатите игралишта на територијата на Општина Карпош.

Во наредниот период, ќе биде извршена поправка на детските игралишта во населбата „Жданец“, на ул. „Букурешка“ во Тафталиџе 1, како и на детското игралиште помеѓу зградите на бул, „Партизански одреди 197 и 109 во у.з Тафталиџе 1.

Нов елемент ќе се постави со две лулашки со метална конструкција и репарирање на постоечки реквизит (скала) за детското игралиште помеѓу ул. „Соле Стојчев “и „Желево“ во населбата Карпош 4.




АКЦИЈА ЗА ТЕМЕЛНО ЧИСТЕЊЕ ВО „ЖДАНЕЦ“ И „ТАФТАЛИЏЕ“

Денеска во населбата „Ждане ц“ , која се наоѓа во рамки на урбаната заедница „Пецо Божиновски-Кочо“, општинските служби за одржување на хигиената и чистотата на територијата на општина Карпош, спроведоа акција за темелно чистење на теренот. Освен редовното метење на локалните сервисни улици, низ населбата се собираа и чистеа мини депонии и се подигнуваа паднатите гранки и лисја. На улицата „Атинска“, (У.3 „Владо Тасевски“) која пред краток период беше целосно реновирана и реконструирана, се кастреа гранките на дрвјата долж улицата.

Еден од клучните приоритети на Карпош како локална самоуправа е одржување на хигиената и чистотата на високо ниво.

Во оваа пригода апелираме до сите граѓани, да ја чуваат и заштитуваат животната средина и јавните површини, да го одложуваат отпадот на места кои се предвидени за таа намена и совесно да ги користат детските игралишта и урбаните елементи.



КАРПОШ И ВИТИНА ОТВАРААТ МОЖНОСТИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, оствари работна средба со градоначлникот на Општина Витина, Република Косово, Сокол Халити. Во фокус на средбата беа можностите за воспоставување и унапредување на меѓуопштинската соработка, како и заедничко аплицирање на јавни повици за проекти од областа на прекуграничната соработка. Општина Карпош, согласно својата географска положба, има можност да користи средства од фондовите на Европската Унија наменети за прекугранична соработка со Косово. Во таа насока, особено значајни се можностите за подготовка и реализација на заеднички проекти во областите на заштитата на животната средина и развојот на туризмот, со што би се придонело кон создавање дополнителни придобивки за граѓаните и локалните заедници.

На работната средба присуствуваа и претставници од релевантните сектори и области од двете општини. Беа разменети искуства и информации во однос на организациската структура и надлежностите на локалните самоуправи, областите на нивното функционирање, како и можните теми и приоритети за идна заедничка соработка.

Средбата претставува иницијатива за воспоставување конкретни форми на партнерство меѓу Општина Карпош и Општина Витина, со цел заеднички настап пред европските фондови и искористување на расположливите можности за развој на локалните заедници.

Општина Карпош останува посветена на воспоставување нови партнерства и искористување на европските фондови за реализација на проекти кои носат долгорочни придобивки за граѓаните и придонесуваат кон одржлив локален развој.



ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ НАГРАДЕНИ НА МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ВО БЕРЛИН

Во ООУ „Лазо Трповски“, денеска се одржа свеченост по повод големиот успех на учениците од четврто одделение, кои освоија престижна награда на Меѓународниот училишен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај 2026 во Берлин. На свеченоста присуствуваше градоначалникот Сотир Лукровски, и директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Драги Стојаноски, кој на учениците им ги врачи пофалниците за нивниот успех и врвно постигнување.

Наградени се учениците од 4-а одделение, кои под менторство на наставниците Ирена Грегориќ и Стефан Симовски, го изработија проектот „Нашето патување на Јупитер“.
Министерството за социјална политика, демографија и млади, во соработка со локалната самоуправа, ќе продолжи да работи за унапредување на предучилишното воспитание и создавање подобри услови за децата и нивните семејства.



КАРПОШ ПРОГЛАСЕН ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНА СКОПСКА ОПШТИНА

Општина Карпош со 64% е нотирана како најтранспарентна општина на територија на град Скопје, според најновите истражувања за процена на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) за 2026 година, кое го спроведе Фондацијата „Метаморфозис“ во партнерство со Рурална коалиција. Истражувањето, или поточно, мерењето на Индексот на отвореност беше спроведено од 1 февруари до 30 јуни 2026 година, каде беа опфатени сите 80 општини во Македонија, како и Градот Скопје.

На ниво на Македонија пак, од вкупно 81 (ЕЛС), Општина Карпош котира на високото шесто место. Според ова истражување, Општина Крива Паланка со 73% е најотворена локална самоуправа во државава. Веднаш по неа со 69% се наоѓа Општина Берово, на третото место е рангирана Демир Хисар со 68%, а со 67% на четвртата позиција се наоѓаат Кочани, Битола и Делчево. Општина Велес со 65% се наоѓа на петтата позиција.

Овој извештај нуди детална анализа на работата на единиците на локална самоуправа во Македонија, во однос на начелата на транспарентност, свесност, пристапност и интегритет, со заеднички домен кој е присутен во сите четири начела, а тоа се отворените податоци.



ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО „ЖДАНЕЦ“ СО НОВ ЛИК

Детското игралиште во населбата Жданец е целосно реновирано и реконструирано, со што најмладите жители добија побезбедно, поуредно и пофункционално место за игра и дружење. Во рамки на реконструкцијата, целосно се заменети оштетените реквизити, поставени се нови седишта на клацкалките, како и нова заштитна мрежа на кошот кој се наоѓа во состав на игралиштето. Дополнително, со цел подобрување на урбаната и естетската функционалност на просторот, заменети се дотраените дрвени даски на клупите со нови.

Општина Карпош континуирано вложува во ревитализација на детските игралишта, обновување на постојната урбана опрема и поставување нова опрема таму каде што има потреба, создавајќи поквалитетни и побезбедни јавни простори за сите генерации. Грижата за јавниот простор е заедничка одговорност.



КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО КОНТРОЛИ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

Општина Карпош продолжува со активностите за следење и оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух на својата територија, во насока на навремено идентификување на потенцијалните извори на загадување и заштита на животната средина. Во рамки на активностите, стручни лица од лиценцирана фирма којашто ја ангажираше Општина Карпош, извршија мерења на квалитетот на воздухот на неколку локации низ општината.

Мерењата се реализираа во присуство на овластен инспектор за животна средина од Општина Карпош. По добивањето на официјалниот извештај и анализата на резултатите од извршените мерења, доколку бидат констатирани неправилности, надлежните ќе преземат соодветни мерки и активности, согласно законските овластувања.

Општина Карпош потенцира, дека контролата и следењето на состојбата со амбиенталниот воздух претставуваат важен дел од заложбите за создавање почиста и поздрава животна средина.

Локалната самоуправа упатува апел до сите правни и физички лица, доследно да ги почитуваат мерките и законските обврски за заштита од загадување, со заедничка одговорност кон животната средина. Единствено со таков пристап би сé подобрил квалитетот на воздухот, кој има директно влијание врз здравјето на граѓаните.



ПСИХОЛОШКА КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО ООУ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Во ООУ „Војдан Чернодрински“, се реализираше психолошка креативна работилница на тема „Мојот внатрешен чувар“, наменета за учениците од II-б одделение.

Целта на работилницата беше учениците да го препознаат стравот како природен заштитен сигнал на телото, да ги забележуваат телесните реакции при вознемиреност, како и да усвојат едноставни техники за смирување и начини за барање поддршка. Преку приказната за ежето Боцко, активноста „Семафор за сигурност“ и практични вежби, учениците учеа дека храброста не значи отсуство на страв, туку способност да се препознае стравот, да се реагира соодветно и да се донесе правилна и безбедна одлука.

Во рамки на работилницата, учениците изработија цртежи под наслов „Мојата картичка за храброст“, преку кои ги претставија знаците на вознемиреност, начините кои им помагаат да се смират, како и личностите од кои би побарале помош кога им е потребна. Работилницата ја реализираше училишниот психолог Наталија Наумовска Велковска, со цел преку креативни и интерактивни активности учениците да стекнат корисни знаења и вештини за препознавање и справување со сопствените емоции.



ГОЛЕМ ОДЗИВ НА КАРПОШАНИ ВО АКЦИЈАТА „ЗАЕДНО ЗА ЧИСТ КАРПОШ!“

Голем број граѓани, советници и вработени во општинската администрација денеска се приклучија на доброволната акција за чистење „Заедно за чист Карпош!“, која се реализираше на повеќе локации низ Општина Карпош. Со цел акцијата да се спроведе поефикасно и да опфати повеќе јавни површини, учесниците беа организирани во три работни тимови, кои истовремено работеа на три локации:

*** Козле – просторот околу споменикот КЈП во Козле, спроти „Алумина“;**

*** Лептокарија – јавните површини во ТЦ Лептокарија;**

*** Карпош 3 – јавните површини спроти Општина Карпош.**

На сите три локации учесниците собираа паднати гранки, лисја и ситен отпад, со што придонесоа за уредување на јавните површини и создавање почиста и поуредна животна средина за сите жители на Карпош.

Во акцијата активно учествуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој заедно со граѓаните, советниците и општинската администрација беше дел од работните тимови и лично се вклучи во чистењето. „Заедно за чист Карпош!“ е пример за заедничка посветеност, одговорност и директна работа во интерес на граѓаните.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СОТИР ЛУКРОВСКИ ПРИСУСТВУВАШЕ НА НАСТАНОТ ПО ПОВОД 13 СЕПТЕМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА СЕПСАТА

Настанот, организиран од ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје и Biotek Solutions, се одржа на хелиодромот на ГОБ „8-ми Септември“. Со своето присуство, градоначалникот даде поддршка на иницијативата за подигање на свеста за сепсата и поддршка на пациентите и нивните семејства. Да ја подигнеме свеста, да реагираме навреме и да дадеме поддршка на сите кои се соочуваат со сепса. Навремената реакција може да спаси живот.



ОБНОВЕНА УРБАНАТА ОПРЕМА ВО ПАРКЧЕТО СПРОТИ „ОЛИМПИКО“

Во паркчето пред зградата на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр. 147, Општина Карпош спроведе активности за обнова и уредување на постојната урбана опрема. Целосно се заменети дотраените дрвени даски на клупите, додека масата е освежена и повторно офарбана, со што просторот доби поуреден и естетски изглед. Паркчето е простор што жителите го користат за одмор, релаксација и соседски дружења, па одржувањето на ваквите јавни површини е од особено значење за квалитетот на секојдневното живеење.

Општина Карпош продолжува континуирано да вложува во одржување, обновување и унапредување на урбаната опрема, како и во поставување нова опрема согласно потребите и приоритетите на граѓаните. Заедничката грижа за јавните простори придонесува за уреден, функционален и пријатен Карпош.



ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НАГРАДЕНИ ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ

Учениците од 6-а, 7-г, 8-в и 8-г одделение од ООУ „Владо Тасевски“ успешно го реализираа шестмесечниот меѓународен проект „Pen Friends: Sharing Cultures, Building Friendships“, преку платформата eTwinning, за што беа наградени од Европската комисија со престижната ознака „National Quality Label“. Проектот беше реализиран под менторство на наставничката по англиски јазик Елена Костадиновска, а во него учениците имаа можност да комуницираат и да соработуваат со свои врсници од Турција, Италија и Полска.

Преку онлајн средби и различни проектни активности, учениците го унапредија своето знаење и практичната употреба на англискиот јазик, но истовремено се запознаа со историјата, културата, традицијата, гастрономијата и начинот на живот во земјите учеснички. Особено значајна вредност на проектот е можноста учениците да создадат нови пријателства, да разменат искуства и да ја развиваат свеста за различностите и културите на своите врсници од други земји.

Општина Карпош упатува честитки до учениците, наставничката Елена Костадиновска и целиот колектив на ООУ „Владо Тасевски“ за постигнатиот успех и за нивната посветеност кон современо и квалитетно образование.



КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ИНКЛУЗИВНОСТА НА РОМИТЕ ВО ДЕТСКИТЕ УСТАНОВИ

Во Клубот на пратеници, се одржа средба во чии рамки беа потпишани трипартитни договори за соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади, вклучувајќи ја Општина Карпош и детските градинки на нејзина територија. Оваа активност се одвиваше во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“, а во Општина Карпош се реализира 16 години, и тоа во предучилишните установи „Пролет“ и „Сончогледи“ во населбата Влае 1.

Целта на проектот е отстранување на постоечките бариери за пристап до предучилишни установи на деца Роми на возраст од 3 до 6 години, инклузија на децата и нивна социјализација како и зајакнување на свеста кај нивните родители за важноста на раниот детски развој и образованието на нивните деца.

Оваа година, во градинката „Сончогледи” во Влае 1 се згрижени вкупно 19 деца од ромска националност кои се жители на населбата Злокуќани. Овој проект ги опфаќа предвидените активности во рамки на Програмата на општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година.

